# ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

# МАКФУДБАЛ

## СТРУЧНО - ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ НА ФФМ

ВОНРЕДЕН БРОЈ 47 ДАТА 02.XII.2022 ГОДИНА 40

ФУДБАЛОТ НА ПРВО МЕСТО

# МАКФУДБАЛ

ВОНРЕДЕН БРОЈ 47 ДАТА 02.XII.2022г.

## СОДРЖИНА

- ПРИСТИГНАТИ БАРАЊА ОД ОПШТИНСКИТЕ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗИ
- ОДЛУКИ ОД ДИСЦИПЛИНСКАТА КОМИСИЈА НА ФФМ

**ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ОХРИД**

**Седнница од 29.11.2022 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ВОСКА СПОРТ„ Охрид: Реџепи Б. Бесарт од Фудбалскиот клуб „Шкендија„ АД од Тетово, по член 35/13.

**ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ШТИП**

**Седница од 01.12.2022 година**

КМФ „МАЛ АЈАКС„ Штип: Соколов Саше од Клубот за мал фудбал „Астибо„ од Штип, по член 35/13.

Врз основа на член 116, а вв со член 122, член 125 и член 138 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав: Арбен Борова– Претседавач, Дејан Бошков-член, Сашка Зердеска член и Кармен Цилакова-член, постапувајќи по пријавата на Комисијата за натпревари бр-15-2980/1, против ФК Брегалница 2008 АД по што врз основа на член 51 став 6 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, на седницата одржана на 24.11.2022 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А

1. ФК Брегалница 2008 АД **СЕ КАЗНУВА** со парична казна во висина од 1500 (илјада и петстотини) Евра, во денарска противвредност на денот на уплатата.

2. **СЕ ЗАДОЛЖУВА** ФК Брегалница 2008 АД, по правосилност на оваа одлука да изврши уплата на паричната казна од став 1, на жиро сметка на ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.

3. Казната тече од 24.11.2022 година.

4. Одлуката да се објави во Макфудбал.

## О б р а з л о ж е н и е

Дисциплинската Комисија постапувајќи по пријавата на Комисијата за натпревари бр-15-2980/1, против ФК Брегалница 2008 АД поведе дисциплинска постапка на ден 10.11.2022 година поради користење на пиротехенички материали на натпреварот одигран во рамки на14 коло од Прва МФЛ помеѓу Ф.К.Брегалница 2008 АД-ГФК Тиквеш 1930 АД одигран на ден 06.11.2022 година на Стадион во Штип.
Комисијата на седницата одржана на ден 24.10.2022 година, постапувајќи по пријавата ги разгледа списите во предметот и тоа: Пријава од Комисијата за натпревари, Записник од натпреварот од одигран на ден 02.11.2022 година, Делегатски дополнителен извештај, писмена изјава од ФК Брегалница 2008 АД.
Врз основа на списите во предметот, Комисијата ја утврди следната фактичка состојба: На ден 06.11.2022 година се одиграл натпревар во рамки од 14 коло од Прва МФЛ помеѓу екипите на Ф.К.Брегалница АД и ГФК Тиквеш 1930 АД на Стадион во Штип, каде се случил прекршокот употреба на пиротехнички материјали од страна на навивачите на ФК Брегалница 2008 АД.

Дисциплинската комисија врз основа на вака утврдената фактичка состојба, оцени дека е направен прекршок согласно одредбата од член 51 став 6 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ, по што одлучи како во диспозитивот.

**Фудбалска Федерација на Македонија**
**Дисциплинска Комисија**
**Претседавач**
**Арбен Борова с.р**

**ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право да изјави жалба до Комисијата за жалби на ФФМ, преку оваа комисија во рок од 3 дена од денот на прием на оваа одлука, со уплата на такса во износ од 6.000.00 денари (физички лица)/12.000.00 денари (правни лица) на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД СкопјеДН:**

**ФК БРЕГАЛНИЦА 2008 АД**
**АРХИВА НА ФФМ**
**Макфудбал**

Дисциплинска Комисија

Врз основа на член 116, а вв со член 122, член  125 и член 138 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав: Арбен Борова– Претседавач, Дејан Бошков-член, Сашка Зердеска член и Кармен Цилакова-член, постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари бр-15-2979/1, против ФК Слога 1934 по што врз основа на член 51 став 6 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, на седницата одржана на 24.11.2022 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

1. ФК Слога 1934 **СЕ КАЗНУВА** со парична казна во висина од 1000 (илјада) Евра, во денарска противвредност на денот на уплатата.

2. **СЕ ЗАДОЛЖУВА** ФК Слога 1934, по правосилност на оваа одлука да изврши уплата на паричната казна од став 1, на жиро сметка на ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.

3. Казната тече од 24.11.2022 година.

4. Одлуката да се објави во Макфудбал.

## О б р а з л о ж е н и е

Дисциплинската Комисија постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари бр-15-2979/1, против ФК Слога 1934 поведе дисциплинска постапка на ден 10.11.2022 година поради фрлање со предмети на терен при користење на пиротехника на натпреварот одигран во рамки на 11 коло од Втора МФЛ помеѓу Ф.К.Слога 1934-ФК Вардар АД одигран на ден 05.11.2022 година на Стадион во Виница.
Комисијата на седницата одржана на ден 24.11.2022 година, постапувајки по пријавата ги разгледа списите во предметот и тоа: Пријава од Комисијата за натпревари, Записник од натпреварот од одигран на ден 05.11.2022 година, Делегатски дополнителен извештај, писмена изјава од ФК Слога 1934.
Врз основа на списите во предметот, Комисијата ја утврди следната фактичка состојба:
На ден 06.11.2022 година се одиграл натпревар во рамки од 11 коло од Втора МФЛ помеѓу екипите на  Ф.К.Слога 1934 и ФК Вардар АД  на Стадион во Виница, каде се случил прекршокот употреба на пиротехника а за која одговорен е организаторот на натпреварот во овој случај ФК Слога 1934.

Деловоден бр. 08-3126/10

Дисциплинската комисија врз основа на вака утврдената фактичка состојба, оцени дека е направен прекршок согласно одредбата од член 51 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ, по што одлучи како во диспозитивот.

**Фудбалска Федерација на Македонија**
**Дисциплинска Комисија**
**Претседавач**
**Арбен Борова с.р**

**ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право да изјави жалба до Комисијата за жалби на ФФМ, преку оваа комисија во рок од 3 дена од денот на прием на оваа одлука, со уплата на такса во износ од 6.000.00 денари (физички лица)/12.000.00 денари (правни лица) на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД СкопјеДН:**

**ФК СЛОГА 1934**
**АРХИВА НА ФФМ**
**Макфудбал**

Дисциплинска Комисија

*Врз основа на член 116 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, а во врска со член 122, член 125 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав:Арбен Борова-Претседавач, Дејан Бошков–член, Сашка Зердеска-член и Кармен Цилакова-член, постапувајќи по пријавата на Комисијата за натпревари бр.15-3176/1 против Артан Чилафи со ИД 125139 фудбалер на ФК Борец 1919 АД исклучен од натпреварот ФК Беса 1976-ФК Борец 1919 АД одигран на ден 26.11.2022 година во рамки на 13 коло од Втора МФЛ на стадион во с.Врапчиште поради добиен директен-црвен картон, врз основа на член 42 став 1 од ДП на ФФМ на седницата одржана на ден 30.11.2022 година ја донесе следната:*

## ***ОДЛУКА***

1. *На Артан Чилафи со ИД 125139 фудбалер на ФК Борец 1919 АД исклучен од натпреварот ФК Беса 1976-ФК Борец 1919 АД одигран на ден 26.11.2022 година во рамки на 13 коло од Втора МФЛ на стадион во с.Врапчиште поради добиен директен-црвен картон,* ***СЕ ИЗРЕКУВА дисциплинска мерка забрана на настап на 4 (четри) првенствени/куп натпревари.***

2. *Дисциплинската мерка тече 27.11.2022 година.*

3. *Одлуката да се објави во МАКФУДБАЛ.*

### ***Образложение***

*Дисциплинската комисија постапувајќи по пријавата на Комисијата за натпревари бр.15-3176/1 против Артан Чилафи со ИД 125139 фудбалер на ФК Борец 1919 АД исклучен од натпреварот ФК Беса 1976-ФК Борец 1919 АД одигран на ден 26.11.2022 година во рамки на 13 коло од Втора МФЛ на стадион во с.Врапчиште поради добиен директен-црвен картон, ги разгледа списите во предметот и тоа: записник од натпреварот, дополнителен делегатски извештај, изјава од пријавениот и изјава од главниот судија на натпреварот, и ја утврди следната фактичка состојба:*

*На ден 26.11.2022 година е одигран натпреварот во рамки на 13 коло од Втора МФЛ помеѓу екипите ФК Беса 1976-ФК Борец 1919 АД на Стадионот во с.Врапчиште. Во 59 минута на натпреварот на играчот* ***Артан Чилафи со ИД 125139 фудбалер на ФК Борец 1919 АД*** *му е доделен директен-црвен картон од страна на главниот судија на натпреварот поради насилничко однесување.*

*Согласно вака утврдената фактичка состојба, Комисијата земјаќи ги во предвид сите околности констатира дека пријавениот сторил прекршок утврден во член 42 став 1 од ДП на ФФМ, по што одлучи како во диспозитивот.*

***Дисциплинска Комисија***
***Претседавач***
***Арбен Борова***

***ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право да изјави жалба до Комисијата за жалби на ФФМ, преку оваа комисија во рок од 3 дена од денот на прием на оваа одлука, со уплата на такса во износ од 6.000.00 денари (физички лица)/12.000.00 денари (правни лица) на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.***

***ДН:***
***ФК БОРЕЦ 1919 АД***
***АРХИВА НА ФФМ***
***МАКФУДБАЛ***

Деловоден број 08-3184/4

Дисциплинска Комисија

*Врз основа на член 116 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, а во врска со член 122, член 125 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав:Арбен Борова-Претседавач, Дејан Бошков–член, Сашка Зердеска-член и Кармен Цилакова-член, постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари бр.15-3177/1 против Мухарем Мислими со ИД 101089 фудбалер на ФК Беса 1976 исклучен од натпреварот ФК Беса 1976-ФК Борец 1919 АД одигран на ден 26.11.2022 година во рамки на 13 коло од Втора МФЛ на стадион во с.Врапчиште поради добиен директен-црвен картон, врз основа на член 42 став 1 од ДП на ФФМ на седницата одржана на ден 30.11.2022 година ја донесе следната:*

# ***О Д Л У К А***

1. *На Мухарем Мислими со ИД 101089 фудбалер на ФК Беса 1976 исклучен од натпреварот ФК Беса 1976-ФК Борец 1919 АД одигран на ден 26.11.2022 година во рамки на 13 коло од Втора МФЛ на стадион во с.Врапчиште поради добиен директен-црвен картон,* ***СЕ ИЗРЕКУВА дисциплинска мерка забрана на настап на 4 (четри) првенствени/куп натпревари.***

2. *Дисциплинската мерка тече 27.11.2022 година.*

3. *Одлуката да се објави во МАКФУДБАЛ.*

## ***О б р а з л о ж е н и е***

*Дисциплинската комисија постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари бр.15-3177/1 против Мухарем Мислими со ИД 101089 фудбалер на ФК Беса 1976 исклучен од натпреварот ФК Беса 1976-ФК Борец 1919 АД одигран на ден 26.11.2022 година во рамки на 13 коло од Втора МФЛ на стадион во с.Врапчиште поради добиен втор жолт-црвен картон, ги разгледа списите во предметот и тоа: записник од натпреварот, дополнителен делегатски извештај, изјава од пријавениот и изјава од главниот судија на натпреварот, и ја утврди следната фактичка состојба:*
*На ден 26.11.2022 година е одигран натпреварот во рамки на 13 коло од Втора МФЛ помеѓу екипите ФК Беса 1976-ФК Борец 1919 АД на Стадионот во с.Врапчиште. Во 59 минута на натпреварот на играчот* ***Мухарем Мислими со ИД 101089 фудбалер на ФК Беса 1976*** *му е доделен директен-црвен картон од страна на главниот судија на натпреварот поради насилничко однесување.*
*Согласно вака утврдената фактичка состојба, Комисијата земјаќи ги во предвид сите околности констатира дека пријавениот сторил прекршок утврден во член 42 став 1 од ДП на ФФМ, по што одлучи како во диспозитивот.*

***Дисциплинска Комисија***
***Претседавач***
***Арбен Борова***

***ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право да изјави жалба до Комисијата за жалби на ФФМ, преку оваа комисија во рок од 3 дена од денот на прием на оваа одлука, со уплата на такса во износ од 6.000.00 денари (физички лица)/12.000.00 денари (правни лица) на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.***

***ДН:***
***ФК БЕСА 1976***
***АРХИВА НА ФФМ***
***МАКФУДБАЛ***

Деловоден број 08-3184/6

Дисциплинска Комисија

Врз основа на член 116, а вв со член 122, член 125 и член 138 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав: Арбен Борова– Претседавач, Дејан Бошков-член, Сашка Зердеска член, постапувајќи по пријава на Комисијата за натпревари на ФФМ бр.15-2982/1 од 10.11.2022 година, против ФК Шкупи 1927 АД, врз основа на член 51 а вв со член 26 став 3 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ на седницата одржана на 30.11.2022 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

1. Поради слаба организација и влегување на неслужбени лица на терен при што физички се нападнати фудбалерите на ФК Шкендија АД, на натпреварот од Куп на РМ за сезона 2022/23 помеѓу Ф.К.Шкупи 1927-Ф.К.Шкендија АД, ФК Шкупи 1927 **СЕ КАЗНУВА** со:

   -Забрана на одигрување на 6 (шест) првенствени – куп натпревари на свој терен (да се одиграат на оддалеченост од 100 км од местото на прекршокот)

   -Парична казна во висина од 5000 (пет илјади) евра, во денарска противвредност на денот на уплатата.

2. Паричната казна од оваа одлука да се уплати на жиро сметка на ФФМ бр. 300000001599760 во Комерцијална Банка во рок од 8 дена од приемот на одлуката.

3. Одлуката да се објави во Макфудбал.

## О б р а з л о ж е н и е

Дисциплинската комисија на ФФМ на состанокот одржан на ден 30.11.2022 година по разгледување на комплетната документација, во врска со одлуката број 08-2988/16 од 10.11.2022 година со која се покренува дисциплинска постапка против Ф.К.Шкупи 1927 АД во врска со пријавата за слаба организација и влегување на неслужбени лица на терен при што физички се нападнати фудбалерите на ФК Шкендија АД, на натпреварот од Куп на РМ за сезона 2022/23 помеѓу Ф.К.Шкупи 1927-Ф.К.Шкендија АД, одигран на стадионот во Чаир.

Дисциплинската комисија на ФФМ на состанокот одржан на ден 30.11.2022 година, врз основа на списите во предметот и тоа: Пријава од Комисијата за натпревари, Записник од натпреварот Ф.К.Шкупи 1927 АД-Ф.К.Шкендија АД одигран на ден 09.11.2022 година, Делегатски дополнителен извештај, видео запис од натпреварот кој е прекинат во 9 минута ја утврди следната фактичка состојба:

Дисциплинска Комисија

На ден 09.11.2022 година е одигран натпреварот во рамките од Куп на РМ за сезона 2022/23 год, помеѓу ФК Шкупи 1927 АД-ФК Шкендија АД, кој е прекинат во 9 минута по постигнат гол од екипата на ФК Шкендија АД, поради влегување на неслужбени лица (навивачи на ФК Шкупи 1927 АД) при што нападнати се фудбалерите на ФК Шкендија АД (според изјави од службени лица и видео записот на натпреварот). Исто така на натпреварот се користени и пиротехнички матерјиали од страна на навивачите на ФК Шкупи 1927 АД и дел од нив завршија кај екипата на ФК Шкендија при влегување во нивната соблекувална.

Поради безбедносни причини и немање услови за понатамошно одигрување на натпреварот, истиот се прекинува а од органот кој раководи со натпреварувањето при ФФМ-Комисија за натпревари се регистрира со службен резултат 0-3 за екипата на ФК Шкендија АД.

Натпреварот бил уредно пријавен во МВР-СВР-Гази Баба а присутни на настанот биле полициски службеници и Интервентната полиција. Натпреварот го обезбедила и редарска служба од приватна компанија.

Согласно ваква утврдена фактична состојба, Дисциплинската Комисија на ФФМ утврди дека Ф.К.Шкупи 1927 АД направил прекршок на член 51 а вв со член 26 став 3 од Дисциплиснкиот Правилник, и имајќи ги во предвид сите околности на настанот донесе одлука како во диспозитивот.

**Дисциплинска Комисија**
**Претседавач**
**Арбен Борова**

**ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право да изјави жалба до Комисијата за жалби на ФФМ, преку оваа комисија во рок од 3 дена од денот на прием на оваа одлука, со уплата на такса во износ од 6.000.00 денари (физички лица)/12.000.00 денари (правни лица) на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје**

**ДН:**

**ФК Шкупи 1927 АД**
**АРХИВА НА ФФМ**
**Макфудбал**

Деловоден бр. 08-3184/9

# МАКФУДБАЛ

е стручно информативен лист на
ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
излегува секоја СРЕДА во неделата

**Адреса: ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Булевар „АСНОМ" бб
ПОШТЕНСКИ ФАХ 84
1000 СКОПЈЕ

ЖИРО СМЕТКА 300000001599760 - Комерцијална банка АД Скопје
Даночен број: 4030992177382

Телефон: 02/3204-470, 02/3129-291; Телефакс: 02/3165-448

Веб страна: www.ffm.com.mk
Е -маил: ffm@ffm.com.mk